Анализа

# ГОДИШНА ДАНОЧНА ПРИЈАВА - НАЈВИСОК ДОХОД ВО 2020

*Скопје, 08.10.2021, бр.08-6882/1*

За календарската 2020 година Управата за јавни приходи изготви и достави пополнета Годишна даночна пријава, за 769 794 граѓани, со искажан 331.146.120.469,00 денари годишен бруто –доход и 19.607.095.073,00 денари пресметан данок на личен доход.

Годишните даночни пријави се изготвени врз основа на податоците од пресметките за исплата на доход поднесени од страна на исплатувачите, од пресметките во кои граѓаните пријавиле дека оствариле доходот од други физички лица и од странство, врз основа на податоците од годишниот даночен биланс како и паушално утврдениот нето доход од вршење самостојна дејност.

Најголем број Годишни даночни пријави се изготвени и доставени за подрачјето на Регионалната дирекција Скопје, односно

- 266.653 годишни даночни пријави во РД Скопје
- 128.610 годишни даночни пријави во РД Штип
- 107.672 годишни даночни пријави во РД Прилеп
- 103.442 годишни даночни пријави во РД Битола
- 87.987 годишни даночни пријави во РД Тетово
- 75.430 годишни даночни пријави во РД Струмица

Граѓаните преку своите кориснички профили имаа можност пополнетата Годишна даночна пријава да ја потврдат или да ја коригираат до 31 мај.
По истекот на законскиот рок односно на 1 јуни Годишните даночни пријави кои од страна на граѓаните не беа ниту потврдени, ниту коригирани, автоматски беа потврдени. Во 2020 година, најголемиот број на Годишни даночни пријави добија статус на Автоматски потврдени од страна на УЈП, односно 593 375 ГДП службено беа потврдени, со утврден вкупен годишен бруто-доход од 265.042.227.547,00 денари и вкупен износ данок на личен доход од 15.255.202.683,00 денари.

Граѓаните потврдија 37.294 ГДП со 34.820.265.858,00 денари утврден вкупен годишен бруто-доход и вкупен износ на данок на личен доход од 2.494.543.234,00 денари.
Коригирани се 1832 ГДП, во кои е искажан 2.607.255.651,00 денари вкупен годишен бруто-доход и вкупен износ на данок на личен доход од 206.318.215,00 денари.

| Изготвени и доставени ГДП 2020 | 769794 |
|---|---|
| Утврден бруто приход во поднесени ГДП | 331.146.120.469,00 |
| Утврден ДЛД во поднесени ГДП | 19.607.095.073,00 |
| За доплата данок на личен доход | 166.367.924,50 |
| Вкупно решенија по ГДП (автоматски потврдени) | 593375 |
| Вкупно бруто Приходи по ГДП | 265.042.227.547,00 |
| Вкупно ДЛД данок | 15.255.202.683,00 |
| За доплата данок на личен доход | 114.724.323,00 |
| Вкупно потврдени ГДП | 37294 |
| Вкупно бруто Приходи по потврдени ГДП | 34.820.265.858,00 |
| Вкупно ДЛД по потврдени ГДП | 2.494.543.234,00 |
| За доплата данок на личен доход по потврдени ГДП | 7.567.599,50 |
| Вкупно ГДП хартиени | 137610 |
| Вкупно бруто Приходи по хартиени ГДП | 28.778.107.699,00 |
| Вкупно ДЛД по хартиени ГДП | 1.651.034.275,00 |
| За доплата ДЛД по хартиени ГДП | 19.210.256,00 |
| Вкупно коригирани ГДП | 1832 |
| Вкупно бруто Приходи по коригирани ГДП | 2.607.255.651,00 |
| Вкупно ДЛД ПО коригирани ГДП | 206.318.215,00 |
| За доплата ДЛД по коригирани ГДП | 24.863.883,00 |

Состојба - 17.09.2021

За 40 021 граѓани утврден е бруто-доход над 1 милион денари, додека најголемиот број на граѓани односно 616 024, оствариле бруто-доход кој се движи од 100 илјади до 1 милион денари. Во однос на 2019 година има зголемување во врвните прагови, односно 11 граѓани во 2020 оствариле над 100 милиони денари а 557 граѓани оствариле приходи во прагот од 10 до 100 милиони денари.

| Прагови на остварени приходи | Број на даночни обврзници (2020) | Вкупен бруто доход (2020) |
|---|---|---|
| над 100.000.000 | 11 | 2.073.908.677,00 |
| од 10.000.001-100.000.000 | 557 | 11.696.750.551,00 |
| од 1.000.001-10.000.000 | 40021 | 71.219.358.604,00 |
| од 100.001-1.000.000 | 616024 | 242.265.108.205,00 |
| од 10.001-100.000 | 78665 | 3.756.896.416,00 |
| до 10.000 | 34516 | 134.098.012,00 |
| Вкупно | 769794 | 331.146.120.465,00 |

## СКОПЈАНКА НА ВРВОТ НА ЛИСТАТА НА НАЈВИСОК ГОДИШЕН ДОХОД ЗА 2020 ГОДИНА

Во 2020 година Скопјанка пријавила 453.110.019,00 годишен бруто доход.

| Рангирање | Град | Вкупно бруто доход |
|---|---|---|
| 1 | СКОПЈЕ | 453.110.019,00 |
| 2 | СКОПЈЕ | 306.685.614,00 |
| 3 | ТЕТОВО | 247.711.973,00 |
| 4 | СКОПЈЕ | 210,052,965,00 |
| 5 | СКОПЈЕ | 154,031,280,00 |
| 6 | СКОПЈЕ | 149,532,083,00 |
| 7 | БИТОЛА | 131,968,298,00 |
| 8 | СТРУГА | 110,097,995,00 |
| 9 | СКОПЈЕ | 105,336,320,00 |
| 10 | ВЕЛЕС | 104,174,722,00 |

## НАЈВИСОКИ ИСПЛАТЕНИ ПЛАТИ ВО 2020 ГОДИНА, СЕ ВО ДЕЈНОСТИТЕ: ИНДУСТРИЈА СО МЕТАЛИ, ЗДРАВСТВО, АПТЕКИ И ОДГЛЕДУВАЊЕ ДОБИТОК

Највисоката годишна бруто плата во 2020 година исплатена е на граѓанин од Струга. Платата е остварена во индустријата со метали и изнесува 105.200.322,00денари.

На листата на највисоко рангирани бруто плати се најдоа и платите исплатени во секторот здравство, аптеки, одгледување на добиток,трговија со тутун и игри на среќа.

Највисокото лично примање изнесува 63.263.316,00 денари на годишно ниво за извршени услуги кон компанија за производство на алкохолни и безалкохолни пијалоци.

| Рангирање | Град | Годишна бруто плата од работен однос | Град | Други лични примања од извршена работа |
|---|---|---|---|---|
| 1 | СТРУГА | 105.200.322,00 | СТРУМИЦА | 63.263.316,00 |
| 2 | ВЕЛЕС | 102.499.356,00 | СКОПЈЕ | 53.464.874,00 |
| 3 | СКОПЈЕ | 100.179.180,00 | СКОПЈЕ | 53.464.785,00 |
| 4 | СКОПЈЕ | 67.191.150,00 | СКОПЈЕ | 49.351.996,00 |
| 5 | СКОПЈЕ | 61.796.879,00 | СКОПЈЕ | 43.182.410,00 |
| 6 | СКОПЈЕ | 55.526.519,00 | СКОПЈЕ | 40.933.612,00 |
| 7 | СКОПЈЕ | 42.242.494,00 | БОГДАНЦИ | 33.965.792,00 |
| 8 | СКОПЈЕ | 39.442.312,00 | СКОПЈЕ | 22.645.609,00 |
| 9 | СКОПЈЕ | 36.827.533,00 | СКОПЈЕ | 22.617.822,00 |
| 10 | СКОПЈЕ | 36.795.474,00 | СКОПЈЕ | 21.827.946,00 |

## КАПИТАЛОТ ВО 2020 ГОДИНА

Највисоката капитална добивка 151.630.289,00 денари остварена е од граѓанин на Скопје од продажба на сопственички удел, додека највисоката исплатена дивиденда е во износ од 306.304.450,00денари и исплатена е на граѓанин на Скопје кој е сопственик на бизнис кој припаѓа на дејностите на трговија со автомобили и моторни возила.

| Рангирање | Град | Дивиденди и други приходи од учество во добивката | Град | Капитална добивка |
|---|---|---|---|---|
| 1 | СКОПЈЕ | 306.304.450,00 | СКОПЈЕ | 151.630.289,00 |
| 2 | СКОПЈЕ | 140.000.000,00 | СКОПЈЕ | 30.639.598,00 |
| 3 | БИТОЛА | 131.111.110,00 | СКОПЈЕ | 29.151.500,00 |
| 4 | СКОПЈЕ | 88.956.579,00 | СТРУМИЦА | 17.451.779,00 |
| 5 | ОХРИД | 88.888.888,00 | ОХРИД | 16.460.845,00 |
| 6 | БИТОЛА | 79.128.776,00 | СКОПЈЕ | 14.888.450,00 |
| 7 | ШТИП | 73.421.667,00 | ОХРИД | 14.835.000,00 |
| 8 | СКОПЈЕ | 71.166.665,00 | СКОПЈЕ | 12.229.039,00 |
| 9 | СКОПЈЕ | 70.026.582,00 | СКОПЈЕ | 12.090.472,00 |
| 10 | СКОПЈЕ | 62.534.460,00 | СКОПЈЕ | 11.930.757,00 |

## СКОПЈАНИ НА ЛИСТАТА НА НАЈВИСОК ДОХОД ОД САМОСТОЈНОТО ВРШЕЊЕ НА ДЕЈНОСТ, РЕСЕН СО НАЈВИСОК ДОХОД ОД ЗЕМЈОДЕЛСКА ДЕЈНОСТ

И во 2020 година од самостојното вршење на дејност Скопјани доминираат на листата со доход по овој основ, од кој највисокиот изнесува 73.575.500,00 денари. Во 10-те топ рангирани на листата се наоѓаат адвокати, нотари, извршители, угостители, електроинсталатори и производители на амбалажи од хартија.

Највисок доход од продажба на земјоделски производи во износ од 32.211.004,00 денари остварил жител на Ресен.

| Рангирање | Град | Доход од самостојно вршење на дејност | Град | Доход од продажба на земјоделски производи |
|---|---|---|---|---|
| 1 | СКОПЈЕ | 73.575.500,00 | РЕСЕН | 32.211.004,00 |
| 2 | СКОПЈЕ | 38.495.762,00 | СКОПЈЕ | 30.555.374,00 |
| 3 | СКОПЈЕ | 30.892.011,00 | КОЧАНИ | 20.589.518,00 |
| 4 | СКОПЈЕ | 13.487.667,00 | ГЕВГЕЛИЈА | 15.257.146,00 |
| 5 | ТЕТОВО | 13.191.852,00 | СКОПЈЕ | 10.071.918,00 |
| 6 | СКОПЈЕ | 12.873.801,00 | СКОПЈЕ | 9.070.551,00 |
| 7 | СКОПЈЕ | 11.375.340,00 | СКОПЈЕ | 9.070.551,00 |
| 8 | СКОПЈЕ | 10.692.775,00 | СВЕТИ НИКОЛЕ | 7.223.626,00 |
| 9 | СКОПЈЕ | 10.267.236,00 | СКОПЈЕ | 6.863.087,00 |
| 10 | СКОПЈЕ | 9.844.941,00 | ВЕЛЕС | 6.823.077,00 |

## НАЈВИСОКИ ЗАКУПНИНИ, АВТОРСКИ ПРАВА И ПРАВА ОД ИНДУСТРИСКА СОПСТВЕНОСТ

Во 2020 година прворангираниот според вкупно остварен бруто доход од закуп и подзакуп на имот (издавање на земјиште, станови и деловни простории, превозни средства и друг вид на имот) е од Скопје, кој пријавил 49.994.536,00 денари. Скопјанец е и прворангиран според остварен вкупно бруто доход од авторски права и други стварни права со 15.459.790,00 денари, додека по основ на права од индустриска сопственост граѓанин на Скопје остварил бруто доход во износ од 9.277.792,00 денари.

| Рангирање | Град | Доход од закуп и подзакуп | Град | Доход од авторски права и други стварни права | Град | Доход од права на индустриска сопственост |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | СКОПЈЕ | 46.994.536,00 | СКОПЈЕ | 15.459.790,00 | СКОПЈЕ | 9.277.792,00 |
| 2 | ТЕТОВО | 42.979.830,00 | СКОПЈЕ | 11.318.219,00 | СКОПЈЕ | 5.261.532,00 |
| 3 | КУМАНОВО | 38.681.314,00 | СКОПЈЕ | 10.634.287,00 | СКОПЈЕ | 5.261.532,00 |
| 4 | СКОПЈЕ | 25.025.612,00 | СКОПЈЕ | 9.829.029,00 | КРИВА ПАЛАНКА | 4.600.000,00 |
| 5 | СКОПЈЕ | 22.669.731,00 | ПРИЛЕП | 9.608.820,00 | КУМАНОВО | 4.395.604,00 |
| 6 | СКОПЈЕ | 22.427.018,00 | СКОПЈЕ | 8.060.870,00 | ОХРИД | 2.101.098,00 |
| 7 | СКОПЈЕ | 22.168.243,00 | СКОПЈЕ | 7.725.434,00 | ГОСТИВАР | 1.976.778,00 |
| 8 | СКОПЈЕ | 17.801.627,00 | СКОПЈЕ | 7.021.277,00 | ГОСТИВАР | 1.976.778,00 |
| 9 | СКОПЈЕ | 15.737.706,00 | СКОПЈЕ | 6.995.623,00 | БИТОЛА | 1.365.300,00 |
| 10 | СКОПЈЕ | 14.729.451,00 | КАВАДАРЦИ | 6.593.106,00 | ШТИП | 1.098.901,00 |

## ИГРИ НА СРЕЌА ВО 2020

Највисоката добивка од лото, обложување, казино и учество во наградни игри, односно граѓанин од Тетово пријавен вкупен бруто доход од игри на среќа во износ 40.056.068,00.

| Рангирање | Град | Игри на среќа |
|---|---|---|
| 1 | ТЕТОВО | 40.056.068,00 |
| 2 | БИТОЛА | 31.165.143,00 |
| 3 | СТРУМИЦА | 24.637.557,00 |
| 4 | СКОПЈЕ | 14.495.502,00 |
| 5 | ГОСТИВАР | 12.722.959,00 |
| 6 | СКОПЈЕ | 12.668.142,00 |
| 7 | СКОПЈЕ | 11.712.844,00 |
| 8 | ШТИП | 11.398.806,00 |
| 9 | ТЕТОВО | 11.273.086,00 |
| 10 | СКОПЈЕ | 10.446.095,00 |

## СКОПЈАНЕЦ СО НАЈВИСОКА ПЕНЗИЈА

Прво-рангираниот пензионер е од Скопје кој пријавува странска пензија која изнесува 5.811.143,00 денари.

| Рангирање | Град | Пензија |
|---|---|---|
| 1 | СКОПЈЕ | 5.811.143,00 |
| 2 | СКОПЈЕ | 2.282.621,00 |
| 3 | СКОПЈЕ | 1.743.169,00 |
| 4 | ПРИЛЕП | 1.467.848,00 |
| 5 | СКОПЈЕ | 1.441.061,00 |
| 6 | СКОПЈЕ | 1.437.720,00 |
| 7 | СКОПЈЕ | 1.232.918,00 |
| 8 | СКОПЈЕ | 1.201.302,00 |
| 9 | СКОПЈЕ | 1.184.930,00 |
| 10 | КРАТОВО | 933.260,00 |

## ДОХОД ОД ОСИГУРУВАЊЕ

Тетовчанец е прворангираниот кој по основ на уплатени премии и исплатена осигурана сума остварил доход од 6.295.318,00 денари.

| Рангирање | Град | Доход од осигурување |
|---|---|---|
| 1 | ТЕТОВО | 6.295.318,00 |
| 2 | СТРУМИЦА | 4.985.183,00 |
| 3 | СКОПЈЕ | 3.707.422,00 |
| 4 | СТРУМИЦА | 3.494.128,00 |
| 5 | ТЕТОВО | 3.108.975,00 |
| 6 | СКОПЈЕ | 3.080.323,00 |
| 7 | ТЕТОВО | 2.983.839,00 |
| 8 | СКОПЈЕ | 2.966.410,00 |
| 9 | СКОПЈЕ | 2.378.488,00 |
| 10 | СКОПЈЕ | 2.241.809,00 |

## ДРУГ ДОХОД

Оваа категорија вклучува доход од различни извори како што е доходот кој не е конкретно опишан во законот за данокот на личен доход и не е изземен од оданочување како и доходот остварен од продажба на корисен цврст отпад, доходот остварен со електронска трговија преку интернет, доходот од маркетиншки интернет услуги, износот на не искористената финансиска помош, износот на неискористените донирани финансиски средства, како и кусоци кои не се предизвикани од вонредни настани (кражба, пожар или други природни непогоди), кои не се на трошок на платата на одговорното лице.

Во оваа категорија прворангирана е Скопјанка која пријавила 449.603.146,00 денари, а второрангираниот граѓанин е од Тетово кој пријавил доход во износ од 247.711.973,00 денари. Пријавениот доход кај двете највисоко рангирани лица е доход кој не е конкретно опишан во Законот за данок на личен доход како што е доход од интернет услуги, мрежни и социјални платформи, посреднички услуги и слично.

| Рангирање | Град | Друг доход |
|---|---|---|
| 1 | СКОПЈЕ | 449.603.146,00 |
| 2 | ТЕТОВО | 247.711.973,00 |
| 3 | СКОПЈЕ | 87.785.780,00 |
| 4 | СКОПЈЕ | 72.397.778,00 |
| 5 | ДОЈРАН | 34.294.994,00 |
| 6 | СКОПЈЕ | 28.681.118,00 |
| 7 | СКОПЈЕ | 27.197.778,00 |
| 8 | НЕГОТИНО | 27.000.741,00 |
| 9 | СКОПЈЕ | 24.397.000,00 |
| 10 | СКОПЈЕ | 22.201.956,00 |

## НАЈМЛАД И НАЈВОЗРАСЕН МИЛИОНЕР

Лице кое се родило во 2013 година е најмладиот милионер во 2020 година и истото остварило доход 1.016.947,00 денари, а највозрасното лице кое остварило над еден милион денари приход било на возраст од 96 години со вкупен доход од 4.570.535,00 денари.
И кај двете лица најголемиот дел од приходот е остварен од закупнина.